# Извештај за дводневната работилница од областа на родовите прашања во земјишната администрација за вработените во Агенцијата за катастар на недвижности

20-21 септември 2012 година, Институт „Евро-Балкан“, Скопје


Извештајот го подготви
Душица Димитровска Гајдоска

Во подготовка на извештајот учествуваа
Весна Матијашевиќ Покупец
Славчо Димитров
Станимир Панајотов
Марјан Младеновски

**Содржина на извештајот**

**I. Општ преглед**

А. Цел на работилницата

Б. Подготовки

В. Програма

Г. Резултати

Д. Обучувачи

**II. Извештај за реализираните активности**

**А. Прв ден**

Сесија 1: *Основни поими на родовите студии, историја на движењата за еднакви права и развивање на феминизмот*

Сесија 2: *Род и развој: национална и меѓународна перспектива*

**Б. Втор ден**

Сесија 3: *Родова репрезентација и конструкција во македонската традиција и фолклор и нивниот одраз во современото општество и современите односи*

Сесија 4: *Развивање родова чувствителност во земјишната администрација: родов биланс и еднакви можности во АКН*

**III. Заклучоци и препораки**

**IV. Прилози**

А. Програма

Б. Презентација „Историја на движењата за еднакви права“

В. Презентација „Родова репрезентација, фолклор и традиција“

Г. Презентација „Водилки на Меѓународната федерација на геометри“

Д. Список на учесници

# I. ОПШТ ПРЕГЛЕД

## А. Целта на работилницата/обуката

Дводневната работилница/обука од областа на родовите прашања во земјишната администрација за вработените во АКН е дел од истоимениот проект кој за цел имаше да ја поддржи Агенцијата за катастар на недвижности во напорите да се зголеми свеста во однос на родовите прашања, особено во областа на сопственичките права врз земјиштето, откако истражувањата укажаа на голема родова нерамноправност во однос на сопственоста. Во склоп на проектот, истражувачкиот тим на Институтот „Евро-Балкан“ имаше двојна задача: да изготви студија за родовите прашања во однос на еднаквите сопственички права меѓу мажите и жените во Република Македонија, со посебен акцент на напредокот во однос на еднаквите можности во земјишната администрација во периодот на имплементација на рефоромите во катастарот и да спроведе дводневна обука за група вработени во АКН.

Оттаму, обуката за група од 12-14 учесници (вработени во АКН и нотари) испорача дводневна образовна програма, скроена според проценката на нивните потреби до која се дојде со анализа на резулататите од истражувањето, имаше поконкретни цели:

- да ја подигне чувствителноста и свеста во однос на родовата проблематика воопшто;
- да ја подигне чувствителнсота и свеста во однос на родовата проблематика во областа на работата на АКН;
- да ги пренесе на учесниците теориски и практични знаења за неколку специфични области на родовите студии (основните поими на родовите студии, историјата на борбата за родова еднаквост, спрегата меѓу развојот и родовата рамноправност, корените на родовите стереотипи и механизмите со кои тие се одржуваат
- да ги запознае учесниците со водилките на Меѓународната организација на геометри, како специфична алатка наменета за потребите на земјишната администрација;
- да ги поттикне учесниците на обуката да ја применуваат родовата перспектива во секојдневната работа.

## Б. Подготовки

На реализацијата на Обуката претходеа неколку работни средби со претставниците на АКН, Лидија Крстевска и Глигор Ралев, на кои беше договорена програмата на Обуката и пристапот, како и составот на учесниците. На барање на предавачите, на Обуката и претходеше истражување кое требаше да даде слика за ставовите на вработените во АКН околу неколку клучни прашања:

- Знаењата од областа на родовата проблематика кои ги поседуваат;
- Состојбата во однос на сопственоста на земјиштето и инструментите за нејзино надминување (откако врз основа на скудните податоци беше констатирана екстремна нерамноправност во однос на сопственоста на земјиштето);
- Ставовите на вработените во АКН околу политиката на самата организација во однос на родовата рамноправност.

Првичната идеја истражувањето да биде спроведено само на избрана група составена од вработените во Одделот за човечки ресурси и претставниците на 4 града (Куманово, Гостивар, Штип и Струга) беше сменета во полза на добивање посеопфатни податоци. Така, истражувањето беше спроведено на национално ниво, преку прашалници дистрибуирани до неколку оддели на АКН и до сите подрачни одделенија. Околу 60% од испитаниците вратија пополнети прашалници, а информациите добиени со нивна анализа беа искористени за подготовка на Обуката. Резултатите од истражувањето ќе бидат анализирани во Извештајот што следува. При спроведувањето на истражувањето непроценлива беше логистичката поддршка на Стефанија Јованова.

Од друга страна, првичната идеја на обуката да присуствува само целокупниот Оддел за човечки ресурси беше променета во договор со тимот на АКН. Проширувањето на испитаната група не ја направи помалку релеватна методолошката одлука четирите града (Куманово и Струга како етнички мешани средини, Гостивар и Штип како доминантно албански односно македонски) да ги сметаме за репрезентативни. Затоа, нашиот предлог беше на групата претставници од Одделот за човечки ресурси да додадеме претставници од подрачните одделенија и нотари од овие 4 града. Нашата проценка беше дека тоа ќе придонесе за динамиката на групата, а на истражувачите ќе им овозможи да проценат дали може да се зборува за разлики во пристапот и во ставовите во однос на родовите прашања во етнички различно структурираните средини.

**В. Програма**

Програмата беше скицирана уште при развивањето на методологијата, но беше дополнета и адаптирана во согласност со проценките на вработените во АКН за областите од кои би им користело да стекнат знаења. Конечната верзија на Програмата беше изработена десетина дена пред реализацијата на Обуката и откако го доби одобрувањето на тимот на АКН задолжен за реализација на проектот, беше реализирана на 20 и 21 септември во просториите на Институтот „Евро-Балкан“. Деталната програма е во прилог на овој документ (*Прилог А*).

**Г. Резултати**

Во однос на погоре наведените цели што си ги поставија реализаторите на обуката, можат да се наведат следните резултати:

- Дводневната обука се одржа според планот, со голем процент од планираните учесници и со комплетно реализирана програма во предвидено траење и со зацртаните содржини.
- Свеста на учесниците во однос на родовите прашања воопшто и во однос на родовите аспекти на нивната работа, судено според дискусиите на последната сесија, е на високо ниво. Со оглед на тоа што ниту еден/една учесник/чка претходно не посетувал/а обука од областа, тоа барем делумно може да се смета за резултат на оваа програма. Проценките на обучувачите се дека учесниците се способни и подготвени да ја интегрираат родовата перспектива во својата секојдневна работа или барем предвид да ги имаат родовите аспекти на областите во кои работат.
- Преку реализираните предавања и со испорака на три за оваа намена подготвени презентации (види Прилози Б, В и Г), како и преку реализираните работилнички сесии, учесниците стекнаа општи и поспецифични знаења од областа на родовата проблематика (основните поими на родовите студии, историјата на борбата за родова еднаквост, спрегата меѓу развојот и родовата рамноправност, корените на родовите стереотипи и механизмите со кои тие се одржуваат) и општи знаења за водилките на Меѓународната федерација на геометри.

## Г. Обучувачи

Врз основа на проценката на вработените во АКН за областите од кои би им било корисно доусовршување, како и врз основа на проценките што ги направи истражувачкиот тим на Институтот „Евро-Балкан“, екипа од четири предавачи од редовите на наставниот кадар на Универзитетот „Евро-Балкан“ изработи курикулум за дводневната обука.

Курикулумот го осмислија Славчо Димитров, Станимир Панајотов и Душица Димитровска Гајдоска, а на обуката/работилницата предаваа:

Проф. д-р Весна Матијашевиќ Покупец, постар истражувач, ги држи задолжителните методолошки предмети за сите студиски програми на Универзитетот. Повеќе од една деценија нуди специфични обуки кои ја ги вкрстуваат нејзините примарни истражувачки интереси (антропологијата и фолклорот) со родовите студии.

Доц. д-р Марјан Младеновски, предавач на програмата за Родови студии при Универзитетот. Работи во областа на социологијата и родовите студии.

М-р Славчо Димитров, постар истражувач и асистент на програмите за Родови студии и Културни студии при Универзитетот. Автор на бројни истражувања и анализи од областа на родовата проблематика, искусен предавач, обучувач и активист.

М-р Станимир Панајотов, постар истражувач и асистент на програмата за Родови студии. Автор на бројни текстови од областа на теоријата на родот.

## II. Извештај за реализираните активности

### А. Прв ден

**Сесија 1:** ***Основни поими на родовите студии, историја на движењата за еднакви права и развивање на феминизмот***

Предаваше: М-р Славчо Димитров

Четврток, 20 септември, 2012 година, 10:00-12:15

Број на учесници: 11

Работилницата предводена од м-р Славчо Димитров опфати два комплементарни тематски делови преку кои учесниците на работилницата требаше да се запознаат со некои од клучните места поврзани со феминизмот, како и со придобивките на феминистичките борби за еманципација на жените.

Во оваа насока, првиот дела од работилницата опфати излагање и дискусија за концептот на род, родовите стереотипи и улоги и нивната актуелност, односно нивната манифестација во локалниот контекст. За оваа пригода на учесниците им беше прикажан краток видео материјал, односно краток документарен филм во кој беа тематизирани родовите репрезентации и стереотипи во медиумите. Основна цел беше да се поттикнат учесниците на размислување, препознавање и посочување на некои од клучните места во родовата нееднаквост и опресијата имплицирана преку одржувањето на ригидните граници на концептот за род. Приказот на видео материјалот беше проследен со интензивна дискусија на учесниците, со што беше успешно остварена целта за интерактивно водење на работилницата.

Вториот дел од работилницата беше посветен на осврт кон развојот на феминизмот и движењето за родова еднаквост во историска перспектива. Во рамки на оваа презентација беа претставени клучните историски места, идеи, успеси и придонеси на феминизмот, вклучително со главните карактеристики на четирите бранови на феминизмот.

Интересот на учесниците беше на завидно ниво. Она што можеше да се забележи кај мнозинството беше значителна отвореност кон прашањата, иако и извесен недостаток на информации, што само ја потврди потребата од реализацијата на работилница од ваков тип.

**Сесија 2:** ***Род и развој: национална и меѓународна перспектива***

Предаваше: доц.д-р Марјан Младеновски

Четврток, 20 септември 2012, 13:00-15:00

Сесијата започна со краток вовед во родовите концепти WID (Жени во развој) и GAD (Род и развој), а продолжи со презентирање на активностите кои ги преземаат релевантните меѓународни институции во доменот на родовиот развој и родовата рамноправност. Притоа, беше нагласена улогата на Обединетите Нации во овој домен, нивната насока на делување, донесените документи (особено Конвенцијата CEDAW), Милениумските развојни цели итн.

Покрај меѓународните инструменти, беше направен пресек на домашната легислатива во доменот на регулацијата на родовите односи, задржувајќи се на клучните нормативни аспекти - значајни за родовата еднаквост и родовиот развој (законските одредби во сферата на вработувањето, изборната регулатива, семејните односи итн.) вклучително и базичниот Закон за еднакви можности.

Следствено, беше направен обид за поврзување на концептот на род и развој со пристапот до земјиште, при што беше презентиран системот на институции кои влијаат на пристапот на жените до земјиште и правото на домување, проблемите кои го оневозможуваат родово еднаквиот пристап, начинот за надминување итн.

Во продолжение беа презентирани акценти од последниот извештај на Светската Банка (World development report 2012) при што беше посочено глобалното влијание на родовата рамноправност на развојот во најмалку 3 насоки: продуктивност, подобри резултати на наредните генерации, репрезентативно донесување на одлуки). Беа истакнати сферите во кои на глобално ниво веќе се надминати родовите разлики (образовно вклучување, животен век, партиципација на пазарот на трудот) но и оние подрачја во кои претстои уште работа (нееднаков пристап до економски ресурси, нееднаков „глас“ во семејството и општеството, диспаритет при школување на девојчињата, поголема смртност кај девојчиња и жени).

По објаснувањето на испреплетеноста на родовите и економските димензии на социјалната стратификација, беше направена вежба со слушателите. Се работеше за тест-вежба во која присутните поделени во 3 групи М, Ф и Н („машка“, „женска“ и „родово неутрална“) требаше да го проценат нивото на родовиот развој и родовата

балансираност во Република Македонија преку проценка на неколку параметри (структура на вработени, структура на работодавци, бруто приход по час (денари), неплатени семејни работници, број на градоначалници). После презентација на резултатите од одговорните лица во трите групи, истите беа споредени со реалните параметри преземени од Државниот Завод за статистика. Заклучокот од вежбата всушност ја даде суштинската констатација на сесијата: Родово неутралната група (Н) погоди најмногу показатели за нивото на родовиот развој што потврдува дека родовата рамноправност е вистинската насока за сензитивност кон родово развојните прашања.

**Б. Втор ден**

**Сесија 3:** ***Родова репрезентација и констукција во македонската традиција и фолклор и нивниот одраз во современото општество и современите односи***

Предаваше: проф.д-р Весна Матијашевиќ Покупец

Петок, 21 септември 2012, 10:00-12:15

Во првиот дел од сесијата беше користена презентација (*Прилог Б*) преку која беше претставена хиерархијата во семејните и општествените односи (според полот и возраста) со акцент на третманот на жената во постарата македонска традиција и постојаните промени во неа.

Во вториот дел беа разгледувани обичаите и нормите, сличностите со усното народно творештво и разграничување меѓу обичајно-правните норми и други блиски категории.

Делот по паузата беше предвиден за реализација на работилничкиот дел. На присутните им беа поделени два текста: „Родовите стереотипи меѓу средношколците во Македонија" од Митко Чешларов (од *Зборникот истражувања од областа на родовите студии*, том 1. Скопје: Евро-Балкан Пресс, 2002, стр. 337-359) и „Брачното и семејното право на македонскиот народ" од Миле Хаџи-Василев Вардарски (објавен во *Зборникот прилози за обичајното право на македонскиот народ*, Скопје: МАНУ, 2000).

Од учесниците беше побарано да ги анализираат текстовите и да и изнесат своите согледување во врска со промените на традиционалните ставови и со влијанието на традицијата врз создавањето стереотипи, особено на полето на имотно-правните односи, традициите во наследувањсето и сопственоста на имотот. Во текот на дискусијата,

учесниците и споделуваа своите ставови и искуствата од секојдневната и професионалната практика.

**Сесија 4:** ***Развивање родова чувствителност во земјишната администрација: родов баланс и еднакви можности во АКН***

Предаваше: м-р Станимир Панајотов

Петок, 21 септември 2012 година, 13:00-15:30

Последната, четврта сесија на дводневната обука имаше за цел да ги прегледа содржините научени на претходните сесии и да ги издигне проблемите на институционално рамниште; да провери каков е односот на учесниците кон проблемите од областа и каква е нивната родова чувствителност во однос на темите покриени на самата работилница и каков би бил во иднина.

Сесијата беше поделена на три дела. Првиот дел беше замислен како краток квиз (прашања и одговори) на теми претставени на претходните сесии, на теми поврзани со областа на работа на учесниците (на пример, околу нивната запознаеност со податоци поделени по пол), и конечно, околу прашањата за кои било расправано на обуката, а за кои сметаат дека можат да ги прифатат и да ги применат или кои им сугерираат правец во нивната работа.

Следеше презентација на Водилките на меѓународната федерација на геометри (FIG) која детално ги објасни целите и идеите на документот. Учесниците расправаа за применливовста на овие водилки, покажувајќи голем интерес и разбирање на проблематиката, што покажа дека внимателно ги следеле претходните сесии.

На оваа сесија присуствуваа помал број учесници. Од 14-те пријавени и потпишани на претходните сесии, 6 беа присутни од почетокот на сесијата. По паузата двајца учесници се вратија, но видливо беше дека не можат лесно да се вклучат во дискусиите. Еден од тие двајца учесници беше единствениот нотар кој присуствуваше на Обуката. Ова беше клучно, бидејќи повеќето учесници во дискусијата го поставија проблемот/прашањето на улогата на нотарите во родово-освестената земјишна администрација (видете подолу).

Учесниците изјавија дека не се запознаени со претходни истражувања во областа. Според нив, недостасуваат индикатори и податоци разделени според пол и најголемиот

дел од нив никогаш не се сретнале со такви податоци, иако дел од нив, како и голем број истражувања, се достапни уште од 2007 година. Учесниците не беа запознаени дека постои истражување спроведено во 2007 година, ниту знаеа за претходните две обуки од оваа област организирани во АКН на кои биле обучени нивни колеги кои веќе не работат на истите работни места. Нивниот заклучок беше дека таквите работилници и обуки не треба да бидат спорадични, туку редовни ако Одделот за човечки ресурси на АКН остане динамичен.

Општо земено, учесниците прикажаа и чувствителност и прифаќање на родовите теми во областа на земјишната администрација. Некои од нив веќе имаа став дека имаат развиена чувствителност и дека применуваат родова рамка во нивната работа. Сепак, самите тоа не умееа да го концептуализираат.

Главната поента, или главното прашање до кое дојдоа учесниците беше: кое ниво на сопственост на земјиште и оттаму која регулатива на земјишна сопственост треба да се мониторира? Имаше консензус околу тоа дека клучното ниво е работата на нотарите. Директна импликација беше дека нивото на регулација на сопственоста околу која треба да се интервенира не е нивото на АКН, туку на нотарите. Две поенти беа истакнати: дека е потешко, но поважно да се пристапи до нотарите и тие да се обучат околу проблемите на родот во сопственоста на земјиштето. Учесниците, меѓутоа, истакнаат дека АКН не може и не треба директно да биде вклучена во развивање на таквата чувствителност. Втората поента, до која се дојде во дискусијата што следеше, беше прашањето дали нотарите би ја вреднувале таквата обука, со оглед на тоа што нивната работа не е од јавниот сектор, туку приватен бизнис. Конечно, учесниците заклучија дека иако хипотетички нотарите би можеле да бидат родово чувствителни, но нивното влијание сепак би одело само до ниво на информирање на сопружниците за можноста за заедничко запишување на сопственоста.

**III. Заклучоци и препораки**

Сите обучувачи се согласија дека најголем дел од учесниците на оваа родово избалансирана група беа мотивирани, расположени за соработка и дискусија, со отворени гледишта и подготвени да анализираат, да дебатираат и да аргументираат. Сите дискусии беа успешни, немаше примери за узурпација на време од некој/а од учесниците. Дисциплината во текот на целата програма беше солидна, најголемиот дел од учесниците беше присутен на целата програма (со еден исклучок на последната сесија).

Сето тоа укажува дека содржината на програмата била соодветна и предадена на начин кој успеа да ги анимира учесниците. Деловите со вежби и илустративниот материјал поттикна активна дискусија, што укажува на тоа дека добро ја дополнил програмата.

Дел од препораките на учесниците, кои произлегоа од последната сесија, ќе бидат вклучени во интегралниот извештај, со оглед на тоа што се однесуваат на проблемите на рамноправноста во однос на земјишната сопственост. Во однос на делот на обуката, тимот на „Евро-Балкан“ ги синтетизираше следниве препораки:

- Со слична обука да бидат опфатени раководителите на сектори и претставници на службениците од сите подрачни одделенија на АКН. Имајќи ги предвид одговорите на прашалниците од сите подрачни одделенија, би било преоптимистички оваа стручна и толерантна група која ја следеше оваа обука да се смета за репрезентативна во однос на подготвеноста да апсорбира знаења и да спроведува политики од областа на родовата проблематика.
- Родовиот аспект да биде постојано присутен во работата на АКН. АКН да инсистира родовата перспектива да биде интегрирана во сите обуки што им се испорачуваат на вработените.
- Да се внимава на континуитетот и да се користат придобивките од обуките при систематизациите, особено во Одделот за човечки ресурси. Од групите кои ги поминале претходните две обуки, ниту еден/една денес не работи во тој оддел.

**IV. Прилози**

А. Програма

Б. Презентација „Историја на движењата за еднакви права"

В. Презентација „Родова репрезентација, фолклор и традиција"

Г. Презентација „Водилки на Меѓународната федерација на геометри"

Д. Список на учесници